# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ONLINE НАРАЧКИ ПРЕКУ ВЕБ СТРАНАТА НА НЕОТЕЛ ДОО СКОПЈЕ

**СОДРЖИНА:**

**ПРЕДМЕТ ........................................................................................................... 2**
**ОПШТИ ОДРЕДБИ ............................................................................................... 2**
**НАРАЧКА НА УСЛУГА ........................................................................................... 2**
**ИСПОРАКА И НАЧИН НА ПОТПИШУВАЊЕ НА ДОГОВОР .......................................... 2**
**АКТИВАЦИЈА НА УСЛУГА ..................................................................................... 3**
**ЗАШТИТА И СИГУРНОСТ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ............................................... 3**
**КОНТАКТ ............................................................................................................ 3**
**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ............................................................................................ 3**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ONLINE НАРАЧКИ ПРЕКУ ВЕБ СТРАНАТА**
**НА НЕОТЕЛ ДОО СКОПЈЕ**

## ПРЕДМЕТ

Предмет на овие Општи услови е утврдување на условите и процесот за online нарачка (во понатамошниот текст: Општи услови) на услугите кои ги нуди Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ АД увоз-извоз Скопје (во натамошниот текст: НЕОТЕЛ), преку својата веб страна neotel.mk .

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Посетител на веб страната е секое лице кое електронски пристапува кон веб страната на НЕОТЕЛ. Нарачател е секое физичко или правно лице кое преку веб страната на НЕОТЕЛ, поднесува барање за нарачка на понудите на НЕОТЕЛ.

Доставувач е овластена компанија од страна на НЕОТЕЛ за испораката на документацијата и евентуалната опрема од online нарачки.

Овие Општи услови се однесуваат и на приватни и бизнис корисници. За сите посетители или Нарачатели, важат односно се применуваат сите позитивни законски прописи на Република Северна Македонија од областа на електронските комуникации, заштита на личните податоци, заштита на потрошувачи, како и Општите услови на НЕОТЕЛ.

## НАРАЧКА НА УСЛУГА

По одбраната услуга, посетителот, односно Нарачателот е должен да ги внесе бараните податоци во формуларот за online нарачка. За точноста на истите гарантира и одговара исклучиво само Нарачателот. Со испраќање на пополнетиот формулар, Нарачателот доставува барање до НЕОТЕЛ за проверка на техничка можност. Во рок од 24 (дваесет и четири) часа, НЕОТЕЛ телефонски ќе го извести Нарачателот за постоењето или непостоењето на техничка можност за одбраната услуга.

## ИСПОРАКА И НАЧИН НА ПОТПИШУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Доколку има техничка можност, НЕОТЕЛ ќе го изготви Стандардниот Претплатнички Договор (во понатамошниот текст: Договор) и пропратната документација за одбраната услуга на Нарачателот и истата ќе ја достави преку доставувач на наведената адреса од Нарачателот.

Доставата на документацијата и евентуалната опрема се врши преку брза пошта или курир на НЕОТЕЛ. Доставите се вршат во работни денови само на територијата на Република Северна Македонија.

За точното време на испорака на документацијата и евентуалната опрема, Нарачателот се договара со продажен од агент од НЕОТЕЛ. Договорот има право да го потпише исклучиво подносителот на online барањето, со покажување на увид соодветна документација за идентификација.

Доставата на соодветната документација и евентуалната опрема не се наплатува дополнително од страна на НЕОТЕЛ.

Бул. “Кузман Јосифовски Питу” бр.15, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел. +389 2 55 11 156 и +389 2 55 11 157; Факс: +389 2 55 11 103
e-mail: legal@neotel.mk www.neotel.mk

Во случај доколку Доставувачот не успее да го најде Нарачателот на наведената адреса и доколку Нарачателот е недостапен на наведениот телефонски број, Доставувачот ќе остави писмено известување за направен обид за испорака. Нарачателот е должен во рок од 2 (два) работни дена да го исконтактира лицето наведено во известувањето за со цел повторно да се договори термин за испорака. Доколку Нарачателот не го исконтактира лицето во наведениот рок или пак Доставувачот има 2 (две) неуспешни испораки, Барањето ќе се смета за поништено. Доставувачот ја враќа целата документација во НЕОТЕЛ, каде истата ќе биде соодветно уништена.

## АКТИВАЦИЈА НА УСЛУГА

Во најкус можен рок кој не е подолг од 15 (петнаесет) работни дена од денот на потпишување на Договорот ќе му биде активирана одбраната услуга на Нарачателот. Исклучок од овој рок се само станбените или деловни објекти во кои НЕОТЕЛ треба да обезбеди согласност за пристап во објектот. Во тој случај за рокот на активирање на услугата, Нарачателот дополнително ќе биде исконтактиран корисникот од вработените на НЕОТЕЛ.

## ЗАШТИТА И СИГУРНОСТ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

НЕОТЕЛ се обврзува да ја заштити приватноста на личните податоци на Нарачателот од веб страната на НЕОТЕЛ и потврдува дека ќе постапува со истите согласно Законот за заштита на лични податоци и други позитивни прописи од оваа област валидни во Република Северна Македонија. Барањето каде се поднесуваат податоците за Нарачателот е сигурносен протокол (https). Согласно Кодексот за ракување со лични податоци и Полисата за приватност (https://neotel.mk/wpcontent/uploads/2020/03/polisa_za_privatnost_neotel_13.03.2020.pdf), личните податоци на Нарачателите нема да се користат за други цели освен за оние цели за кои се наменети.

По истекот на 30 (триесет) дена, овие податоци автоматски се бришат. Пристап до овие лични податоци имаат само вработени во НЕОТЕЛ кои се овластени за обработка на лични податоци и имаат поминато обуки и потпишана соодветна документација за заштита на личните податоци.

## КОНТАКТ

За било какви дополнителни прашања и информации поврзани со online нарачките, заинтересираните страни може да се обратат на onlinenaracki@neotel.mk или пак до контакт центарот за **Грижа за корисници** на телефонскиот број **2 55 11 112.**

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овие Општи услови за online нарачки преку веб страната на НЕОТЕЛ влегуваат на сила на денот на нивното објавување на официјалната веб страна на НЕОТЕЛ, а се применува од 18.02.2025 година.

Бул. “Кузман Јосифовски Питу” бр.15, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел. +389 2 55 11 156 и +389 2 55 11 157; Факс: +389 2 55 11 103
e-mail: legal@neotel.mk www.neotel.mk